**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ВИШ УПРАВЕН СУД**
**СУ.бр.0102-317/2022**
**29.12.2022 година**
**Скопје**

Врз основа на член 92 од Законот за судовите („Службен Весник на РМ" бр.58/06, бр.35/08, бр150/10 и 83/18) и член 19 од Судски деловник („Службен Весник на РМ" бр.66/13, бр.114/14), на седницата на судии на Вишиот управен суд, одржана на ден 29.12.2022 година, Претседателот на судот Исмета Амет, ја донесе и утврди следната:

# ПРОГРАМА
# ЗА РАБОТА НА ВИШИОТ УПРАВЕН СУД ЗА 2023 ГОДИНА

Со Програмата за работа на Вишиот управен суд, се конкретизираат основите на предметите, поделба на истите по специјализирани совети, составени од судии, составот на судиите, како и на судските работници, работите и задачите од делокругот на судот на вработените, работите и задачите во однос на следењето и проучувањето на проблемите што произлегуваат од судската практика, а кои се од интерес за почитување на принципот на владеење на правото, правилна и единствена примена Уставот на Република Северна Македонија, на Законите и меѓународните договори ратификувани и другите подзаконски акти .

Преку конкретизирање на работите и задачите од делокругот на Вишиот управен суд, во вршење на судската функција, утврдена со Уставот, законите и меѓународните договори ратификувани во согласност со Уставот, се обезбедува примената на правото и заштитата на човековите слободи и права, која е основна цел на Управното судство.

Според тоа, целите и функциите со Програмата на Вишиот управен суд опфаќаат:

1. Навремено и квалитетно решавање на предметите во надлежност на судот;

2. Заштита и почитување на човековите права и слободи;

3. Непристрасно применување на правото, без оглед на положбата и својството на странките;

4. Правна сигурност и создавање услови на секој човек да живее безбедно во рамките на примената на правото;

5. Изготвување на анализи, информации, укажувања, сентенци, билтени и друго кои ќе помогнат во правилната примена на правото;

6. Средби и советувања, организирани од Здружението на судии, Академијата за обука на судии и јавни обвинители, од други органи и организации на јавниот и нејавниот сектор, владини и невладини организации во врска со едукацијата на судиите и судските службеници, заради обезбедување на правилна примена на постоечките законски прописи и транспарентност на работата на Вишиот управен суд.

Во време на изготвување на Програмата за работа за 2023 година, во Вишиот управен суд има 9 (девет) судии и Претседател на Суд .

Заклучно со денот на донесување на оваа Програма во Вишиот управен суд се вработени 19 судски службеници и 1 припадник на судска полиција.

Воедно во февруари 2022 година, завршена е постапката за вработување преку јавен оглас СУ-04 бр.0401-149/2021 од 23.12.2021 година, објавен на ден 24.12.2021 година во два дневни весника (македонски и албански јазик), за вработување на неопределено време пет судски службеници, во која постапка се вработени судски администратор; двајца помлади судски соработници; еден виш судски референт за обработка на документација – дактилограф и еден референт – доставувач.

На 30.06.2022 година, согласно решенијата на Судски совет на Република Северна Македонија, на четворица судии на Вишиот управен суд, им е констатирано дека им престанува судската функција поради исполнување услови за старосна пензија.

Во време на утврдување на Програмата за работа за 2023 година, во Вишиот управен суд, не се пополнети работните места за административно – технички судски службеници согласно Правилникот за внатрешна организација и систематизација на работни места во Вишиот управен суд.

Во 2023 година потребни се минимум две вработувања на судски службеници, со звање виш судски референт за обработка на документација – дактилограф, а со цел да може Вишиот управен суд во целост да ја врши функцијата која ја има согласно прописите.

За реализација на Програмата за работа, се грижи Претседателот на судот, судиите, судските службеници и другите вработени во Судот.

## ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СУДОТ

Претседателотот на судот, согласно членовите 7 и 13 од Судски деловник ги врши работите од делокруг на судската управа, ја организира работата, раководи и управува со судот. Претседателот на судот, согласно членовите 17 и 25 од Судскиот деловник, врши редовен надзор над работењето во судот, преку увид во работата на советите на судиите и на судската служба, како и врши надзор на работењето на судот од понизок степен, за кои дејствија се составуваат извештаи, записници,

службени белешки. При тоа се почитуваат законските прописи и подзаконски акти, кои се однесуваат за организација и управување со судот.

Во делокруг и функционална надлежност на претседателот на Судот, се предметите од судската управа и тоа: „СУ“; „СУ-ДОВ“; „СТР-ДОВ“, „УПП“ и „СПИ“.

Судскиот администратор, согласно членовите 60 и 61 од Судски деловник, му помага на претседателот на судот во вршењето на работите од судската управа и раководи со формираното работното тело за управување со движењето на предметите во судот. Судскиот администратор раководи со судската служба во судот, ја организира работата на судската служба во судот, освен за судската полиција, според распоредот за работа на претседателот на судот и според обемот на работата и потребите на судот, врз основа на актот за систематизација, врши распоредување на вработените во судската служба со определување на нивна замена во случај на отсуство, како и изготвува список на судии и судски службеници кои ги распоредува по кориснички групи соодветно на нивната работа во процесуирањето на предметите.

Во делокруг и функционална надлежност на судскиот администратор, се предметите од судската управа и тоа: „СУ-07“.

## РАБОТА ПО ПРЕДМЕТИ

Во означениот период со оваа Програма, организација на работа на Судот, ќе се извршува преку специјализирани судски совети, согласно член 12 од Законот за судовите и една стручна служба.

Во Вишиот управен суд се формираат следните специјализирани судски совети:

## I – СПЕЦИЈАЛИЗИРАН СУДСКИ СОВЕТ ЗА ИМОТНО – ПРАВНА ОБЛАСТ И ДРУГИ ПРАВА:

Формиран е еден судски совет. Во овој судски совет, се одлучува за:

Права од областа од градежништво и водостопанство: одобрение за градење, рушење на објекти, запирање, прекин, отстранување на градба, времен објект, одобрение за реконструкција, пренамена, адаптација, одобрение за употреба на објект, решение за локациски услови, легализација, легализација на градба, одобрение за изградба на водостопански објект и водостопанска согласност; локациски услови, урбанистичка согласност, Мерки на инспекциски надзор од областа на градежништво и водостопанство: одобрение за градење, одобрение за употреба на објект, за запирање, уривање, прекин, отстранување на градба, времен објект,одобрение за реконструкција, пренамена, адаптација, решение за локациски услови, одобрение за изградба на водостопански објект и водостопанска согласност; закуп на објекти, договори за закуп, одлука за раскинување на договор за закуп, права од приватизација и трансформација на градежно земјиште, права за предимствено

право на користење на градежно земјиште, доделување и одземање на градежно земјиште, надомест за користење градежно земјиште, одземање овластување на овластен геодет; електронско јавно наддавање за градежно неизградено земјиште, запирање постапка за јавно наддавање за отуѓување градежно земјиште, давање под закуп објекти на граничен премин, архитектонско урбанистички проект,утврдување содржина на недвижности, запишување во катастар на недвижности, поништување на потврди издадени од Агенцијата за катастар на недвижности, измена во катастарска евиденција, брисовни тужби по Законот за катастар, трансформација, трансформација на претпријатија со општествен капитал, денационализација, експропријација, деекспропријација, заштита на лични податоци, пристап до информации од јавен карактер, класифицирани информации, утврдување статус на неактивен субјект, област од Централен регистар, заштита на споменици,одобрение за вршење дејност, забрана за вршење на дејност, возила, економија, сертификати, молчење на администрација на органите на управата во напред наведените области, управни договори во напред наведените области, сите прекршоци од горе наведените области и прекршоци од МВР, повреда на административна процедура според Законот за Влада на Република Македонија, Службен весник на РМ бр. 59/2000... бр.196/15), оспорени решенија на Управен одбор на Академијата за судии и јавни ибвинители Павел Шатев, Скопје и изборни предмети, верификација на мандат на пратеник, распоредување на работно место, дисциплински мерки на член на Управен одбор на институт на ревизори и оспорени одлуки на Судски совет на Република Северна Македонија.

## II – СПЕЦИЈАЛИЗИРАН СУДСКИ СОВЕТ ЗА ПЕНЗИИ, ИНВАЛИДСКИ, СОЦИЈАЛНИ, ЗДРАСТВЕНИ ПРАВА, ПРАВА ОД РАБОТЕН ОДНОС, ФИНАНСИСКИ И ДРУГИ ПРАВА

Формиран е еден судски совет.

Во овој совет, се одлучува за правата на сите видови пензии: старосна пензија, инвалидска пензија, семејна пензија, земјоделска пензија, мирновремена воена инвалиднина, најнизок износ на пензија, нов износ на пензија, усогласување на пензија, утврдување на стаж на осигурување - пензиски стаж и сите права на паричен надоместок кои произлегуваат од пензиско и инвалидско осигурување, сите права на паричен надоместок, права на паричен надоместок за телесно оштетување; професионална рехабилитација; права од социјално осигурување: придонеси за здравствено, пензиско и инвалидско осигурување од работни односи; сите права на социјална помош и други права од социјална заштита според Закон за социјалната заштита („Службен весник на Република Македонија" бр 79/09.... 51/18), сите права на парична помош од социјална заштита: гарантирана минимална помош; надоместок заради попреченост; надоместок за помош и нега од друго лице; надоместок на плата за скратено работно време; додаток за домување; траен надоместок и еднократна парична помош, според Закон за социјалната заштита („Службен весник на Република Македонија" број 104/19....146/19); Право на социјална сигурност за старите лица, според Закон за социјална сигурност за старите лица („Службен весник на Република Македонија" број 104/19); Права за заштита на децата,: детски додаток;

посебен додаток; еднократна парична помош за новороденче; право на родителски додаток за дете и партиципација; надзор над родителско право, право за остварување на видување помеѓу родител, старател и деца; право на посвојување на дете, старателство, права од здравствена заштита и здравствена заштита на децата; додаток за мобилност; сите права од здравствено осигурување, права од задолжително здравствено осигурување; право и надомест за лекување во земјата и во странство; право на надоместоци за набавени лекови и медицински помагала; права по основ на невработеност; надоместок по основ на невработеност; евиденција по основ на невработеност; права од област образование; област станбени прашања; права од финансиска поддршка за рурален развој, надоместоци за заклан добиток, поврат на средства од сите видови субвенции; права од област: животна средина, шумарство, ветеринарство, лов, риболов и сточарство; јавни набавки, концесии, хартии од вредност; енергетика; банки; спорови за конкуренција (доминитна позиција), игри на среќа, дозвола од игри на среќа; права од добивање и престанок на лиценци за работа на здравствени организации и други видови институции, правни лица, поединец од јавен и приватен сектор; забрана за вршење здравствени услуги; доделена специјализација по интерна медицина; признавање титулла спортист од светска катергорија, повреда на воена дисциплина, еднократна награда; исплата на јубиларна награда; разрешување од должност од областа на образованието, санитарна и здравствена инспекција во областа на здравството; раскинување договор за јавно приватно партнерство; размена на земјоделско земјиште, електронски комуникации; радиодифузија; линиски превоз; воздухопловство; стопанство; проекти од областа на културата; додаток за образование; мерки на инспекциски надзор од областа на електронски комуникации; мерки на инспекциски надзор од страна на Советот за радиодифузија, мерки на инспекциски надзор од областа: животна средина, земјоделството, шумарство, ветеринарство, лов, риболов и сточарство, мерки на инспекциски надзор од областа на линиски превоз, мерки на инспекциски надзор од областа на работните односи, од областа на образованието, мерки на инспекциски надзор од областа на стопанството, молчење на администрација и управни договори од сите горе наведени области; сите прекршоци од горе наведените области и прекршоци од МВР, повреда на административна процедура според Законот за Влада на Република Македонија, Службен весник на РМ бр. 59/2000... бр.196/15), оспорени решенија на Управен одбор на Академијата за судии и јавни ибвинители Павел Шатев, Скопје и изборни предмети, верификација на мандат на пратеник, распоредување на работно место, дисциплински мерки на член на Управен одбор на институт на ревизори и оспорени одлуки на Судски совет на Република Северна Македонија.

## III – СПЕЦИЈАЛИЗИРАН СУДСКИ СОВЕТ ЗА ДАНОЧНИ, ЦАРИНСКИ И ДРУГИ ПРАВА

Формиран е еден судски совет. Во овој судски совет, се одлучува за:

Правата од областа за даноци, царини и други права, и тоа за: персонален данок; данок на добивка, данок на додадена вредност, данок на имот, даночен долг, контрола на данок, даночен гарант, сите видови на данок на промет, присилна

наплата, одлагање на извршување за наплата, комунална дејност; комунална такса, права од индустриска сопственост и интелектуална сопственост, трговски марка, авторски права, присилно извршување на судска такса, донации и спонзорства, донации од јавен интерес, финансиска поддршка за исплата на плати, регистрација на грб и знаме,заложно право, регистрација на даночен обврзник, контрола на трговски друштва, утврдување почетна вредност на недвижност; мерки на инспекциски надзор од областа на комунална дејност; молчење на администрација и управни договори од горе наведените области, прекршоци од областа на даноци, царински давачки, задолжителна тарифна информација, измена на податоци во царинска декларација, акцизи, правата од област азил, статус на бегалец, добивање и одземање патни исправи, државјанство, живеалиште и престојувалиште (пријава, одјава и престанок); одобрение за престој на малолетно лице, матична евиденција на граганите; полагање приемен испит (нотари, извршители, обвинители); основ разрешување од должност - носители на јавна функција, обвинители, нотари, извршители, адвокати и дисциплински постапки, дискриминација; оружје, добивање и престанок на дозволи за носење оружје и негово одземање; молчење на администрација и управни договори од горе наведени области, како и царински, акцизни и девизни прекршоци, и повреда на административна процедура според Законот за Влада на Република Македонија, Службен весник на РМ бр. 59/2000... бр.196/15, оспорени решенија на Управен одбор на Академијата за судии и јавни обвинители Павел Шатев, Скопје, изборни предмети, верификација на мандат на пратеник, распоредување на работно место, дисциплински мерки на член на Управен одбор на институт на ревизори и оспорени одлуки на Судски совет на Република Северна Македонија.

Воедно, предметите по жалба против решение на Управен суд со кое е одлучено за трошоци во управен спор, од било кој основ, ќе се заведуваат во уписник „УРПЖ“.

## ИЗГОТВУВАЊЕ АНАЛИЗИ, ИНФОРМАЦИИ, УКАЖУВАЊА И ЗБИРНИ ПРЕГЛЕДИ

Вишиот управен суд како второстепен суд, ќе врши квартални редовни и вонредни посети на Управниот суд Скопје, најмалку 3 пати во годината, заради увид во неговата работа, како и за прибирање податоци во врска со примената на законите, следењето и изедначувањето на судската практика и други податоци. Претседателот на судот врши посета во Управниот суд, најмалку еднаш во тековната година, а по потреба свикува седница заедничка на судии на Управниот суд и Вишиот управен суд, заради разрешување на спорни правни прашања. Извештаите за извршена посета, Претседателите на советите ќе бидат должни да ги изготват во рок од 3 дена и да ги достават до Претседателот на судот, кој ги проследува до Судски совет на Република Северна Македонија и до Управен суд. Извештаите изготвени од Претседателите на советите треба да содржат целокупна анализа на работењето на судиите во Управниот суд, како и предлог мерки за надминување на состојби во поглед на изедначувањето на судската практика.

## СУДСКА ПРАКСА

Во рамките на Виш управен суд, се определува еден судија за следење на судска пракса, кој се грижи да нема различни одлуки за исти правни прашања, да овозможи професионална комуникација помеѓу судиите и во поглед на размена на правни ставови, преку закажување на работни состаноци или на седница на судии, да се изнесат отстапувањата, а пред се заради зајакнување на правната сигурност на граѓаните. По потреба, а во ангажираност на судиите и стручните соработници, ќе подготвува анализи, извештаи и информации во врска со следењето на судската практика. Исто така, ќе ги евидентира начелните ставови и правните мислења, утврдени во специјализираните судски совети, изразени на седница на судии, ќе изготвува Билтен на судот, кој се објавува на Веб страната на судот, заради транспаретност на судот.

## СТАРИ И ПРИОРИТЕТНИ ПРЕДМЕТИ

Претседателот на Вишиот управен суд ја следи работата на судиите, како и состојбата на стари нерешени предмети, непосредно и преку АКМИС, како и преку Работно тело за управување со предмети.

Работното тело за управување со предмети, предлага мерки за решавање на старите предмети и изготвува планови за решавање на старите предмети. Претседателите на советите ќе се состануваат секој месец за решавање на старите нерешени предмети.

Судиите да доставуваат писмен извештај за старите нерешени предмети, со наведување на причините за нерешавањето и да направат сопствен план за временскиот период во кој предметите би се решиле во текот на 2023 година.

Од 2022 година нема стар нерешен предмет.

## СРЕДБИ И СОВЕТУВАЊА

Заради стручно усовршување, судиите и судските службеници во Вишиот управен суд, како и другите вработени во судската служба, ќе учествуваат на советувања, семинари и друг вид обуки, што ќе ги организира Академија за судии и јавни обвинители, Здружение на судиите, судовите, државните органи и разни странски организации и асоцијациии. Одлука за учество на советувања, семинари и друг вид обуки, донесува Претседателот на судот и судскиот администратор во зависност од важноста на прашањата што ќе бидат тема на советувањата, а сите имаат право на подеднакво стручно усовршување.

Во согласност со Судскиот совет на Република Северна Македонија и Министерството за правда, во иднина треба се се воспостави соработка со Европско здружение на управни судии, по можност и со Управни судови од регионот, а се со

цел за размена на искуства, за подобрување и развивање на судска практика, во функција на заштита и доследно почитување на граѓанските и човекови права. Ќе се мотивираат судиите со свои стручни трудови и излагања да се афирмираат пред домашната и меѓународната судкса заедница.

## ДРУГИ ФОРМИ НА РАБОТА

Вработените во судската служба, работата ќе ја остваруваат во рамките на работните задачи, предвидени со актите на Судот и тоа што ќе им биде доверено од страна на председателот на Судот и судскиот администратор.

Судската полиција, со која раководи претседателот на Виш управен суд е должна да врши обезбедување на зградата на Судот, луѓето и предметите, да се обучува теоретски и практично, согласно со планот на претседателот на Виш управен суд.

Во текот на 2023 година, континуирано ќе се ажурираат податоците за WEB страната на Судот.

Во текот на годината, Програмата соодветно би се дополнувала во согласност со согледаните позитивни или негативни појави, заради зголемување на ефикасноста и ажурноста на Судот.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВИШ УПРАВЕН СУД**
**ИСМЕТА АМЕТ**